*Орхидеја ШУРБАНОВСКА*

**УДК:316.363:159.922.7**
Изворен научен труд

# РАЗВОДОТ КАКО РИЗИК ФАКТОР ПРИ ПЕРЦИПИРАЊЕ НА РОДИТЕЛСКО ОТФРЛАЊЕ ОД СТРАНА НА ДЕЦАТА

*Целта на оваа студија е да се испита дали разводот на родителите е фактор на ризик при перцепцијата на децата за отфрлање од родителите. Примерокот вклучува вкупно 99 испитаници, од кои 33 се деца чии родители се разведени и 63 чии родители се во брак. Децата во обете групи не се разликуваат значително во однос на возраста или полот (возрасен опсег: 6 - 17 години, Мраз=11±2,9, Мбрак=12±2,2 години, околу 65 % се женски во обете групи). Беше употребена кратката форма на инструментот Child PARQ за да се процени перцепцијата на детето за прифатеност или отфрленост од родителите. Повисоките скорови на тестот покажуваат поголема отфрленост од родителите. Наодите покажуваат дека повозрасните деца ја проценуваат мајката како повеќе отфрлувачка, отколку помалите, но само во групата на разведени родители (r = 0,44; p <0,05). Беше спроведена двонасочна АНОВА која го испитува ефектот на полот и видот на семејството врз резултатите од PARQ. Добиено е дека само главниот ефект на видот на семејство е значаен, без разлика на полот на детето (F (1,95) = 204,537, p< 0,01). Децата на разведените родители ги оцениле обајцата родители повеќе отфрлувачки, додека децата на родителите во брак ги оцениле повеќе прифаќачки. Понатаму, резултатите од PARQ за мајка и татко, посебно, позитивно корелираат во групата на деца на родители во брак (r=0,56, p<0,01), додека не се најде значајна поврзаност во групата разведени родители. Делумно η2 = 0,69 означува висок ефект и потврдува дека разводот е значаен фактор на ризик за перцепцијата на децата за отфрленост од родителите.*

**Клучни зборови:** *перципирано родителско отфрлање, дете, родители во брак, разведени родители*

## Вовед

Разводот е резултат на напнатоста и конфликтите помеѓу две лица, во кој секое пропуштило да го задоволи другото, во соодветен степен. Разводот го менува начинот на живот, се јавува нов однос, не само во заемниот однос на партнерите и родителите и детето, туку и во односите со пошироката заедница во која припаѓале. Нема развод на брак кој не е болен за секој човек, но оние позрелите побргу ќе најдат рамнотежа и нема да бараат поддршка од децата кои се најмалку способни за тоа.

Возрасните и децата на различен начин го доживуваат разводот. Многу долго детето го доживува родителскиот пар и покрај прифаќањето

на нивните поединечни различни обележја и улоги, како некоја целина и нешто што обезбедува базична сигурност. Тоа цело и едноставно се руши со разделбата после разводот, не само во доживувањето на детето туку и во свесното и несвеното кај родителите. Различни фактори влијаат на тоа како „процесот на тагување" ќе се одвива кај секој поединечен член на семејството. Може да се претпостави дека таквите „тешки деца" (социјално и емоционално незрели, деца кои не реагираат на поттикнувања) многу потешко ќе ја доживат сепарацијата на родителите отколку децата со подобар капацитет за адаптација (Видановиќ и сор., 2006).

Родителите кои немале сериозни и видливи конфликти меѓу себе, не им давале на децата доволно предзнаци за престојната разделба и тие деца потешко ги користеле стратегиите на соочување и надвладување на потенцијалното трауматско доживување. Амато (Amato, 1998) наведува дека повеќе од половина разведени семејства припаѓаат токму на тие семејства, тие деца можат да ја доживеат сепарацијата со поголеми потешкотии. Некои истражувања (Видановиќ и Ангелковиќ, 2009) укажуваат на тоа дека адолесцентите од 14 до 16 години од потполни и еднородителски семејства не се разликуваат во поглед на степенот и склоност на агресивност и барање стимуланси. Но има истражувања (Sigera, 1983) кои покажуваат дека децата чии родители имаат голема поддршка од биолошките родители кои се во состојба и понатаму да функционираат во родителската улога, исполнуваат најмалку психолошки тешкотии.

Не е редок случај детето во т.н. потполно семејство да се почувствува несакано, одвишно и отфрлено. Односно, има периоди во кои се чувствува одвишно, го преиспитува потеклото и прифатеноста воопшто во семејството. Но тоа е сосема нормална фаза во која сомнежите, патењето и осаменоста спонтано и развојно поминуваат и носат мир и сознание за прифатеноста и припадноста во семејството. Но во случај кога децата чии родители се разведуваат или веќе се разделе тие, дури и кога од двајцата родители се вистински сакани, поминуваат тежок и мачен период. Децата што се сакани од страна на двајцата родители, односно кои се емоционално врзани за двајцата родители, токму заради тоа го доживуваат нивното разидување како тежок удар, не сфаќајќи дека родителите не се во состојба да најдат заедничи јазик и за љубов кон детето да останат во брак. Чувствувајќи се повредено, ускратено, неправедно казнето, овие деца несвесно и самите се обидуваат да ги казнат родителите. Ова го прават на тој начин што ги зголемуваат барањата, бараат потврда од нивната љубов во вид на внимание, зборување, подароци, жртви, и на тој начин проверуваат кој од родителите повеќе ги сака, или воопшто ги сака. Од друга страна пак родителите кои не се разведуваат, а притоа има непремостливи тешкотии во нивните односи и тешки конфликти и длабоки неразбирања, често и несвесно ги користат децата и нивната наклонетост за да на другиот брачен партнер му докажат нешто или да му се осветат.

Најчесто родителите сакаат на детето да му докажат дека „онаа друга страна“ нема разбирање. Оној кој има потреба да биде жртва тогаш тој не бира средства да си го докаже тоа себеси, на околината и на детето. Кога едниот родител се става во состојба на големомаченик тој родител наоѓа безброј докази дека тоа е баш така. Со статусот на големомаченик оди и големината на жртвата што родителот ја прави за детето. Секојдневно на многу начини му се дава до знаење што сѐ се прави за него, така што тоа од една страна е оптоварено со чувство на вина заради жртвата од родителот, и амбивалентни чувства кон другиот родител кој е „себичен“, „бесчувствителен“ но кој сепак и понатаму го сака. Наоѓајќи се под товар на овие два притисока детето се чувствува крајно несигурно, виновно, и во крајна линија како вишок кој ја отежнува и ја комплицира целата работа (Kondić, 2007). Неускладените односи и ставови кон детето од страна на неговите разведени родители повеќе се правило отколку исклучок. Оваа војна доколку трае долго практично може психички да го уништи детето. Себичната и посесивната љубов на несигурната и осамена мајка од здравото дете може да направи крајно презаштитено, несигурно, емоционално незрело дете, кое ништо не знае и не смее да знае само. Врзувајќи ја сета своја љубов и потреба за поседување на своето дете, мајката му го оневозможува нормалниот развој гушејќи го со својата љубов и давањето, но на свој начин според своите потреби, а не на начин кој на детето, според својот развој, навистина му е потребен. И ова се ситуации во кои детето се чувствува неподносливо и притеснето, фрустрирано, со голема потреба да се извади, оттргне, побегне од загушувачката атмосфера на нездрава поседничка атмосфера.

Од друга страна родителот кој има подобри материјални можности, но и потреба детето да го „придобие“ на своја страна користи обилно пари за емоционално да го „купи“ детето. Детето ќе прифати сѐ што носат парите како замена, надокнада и потврда за љубовта и често во своите очекувања и барања ќе биде незаситно барајќи сѐ повеќе и поголема потврда за љубов во која во суштина не е сигурно (Видановиќ & Кондиќ, 2011).

Најтешки случаи, односно оние кои доведуваат до сериозни последици на емоционален и социјален план се случаите на децата од разведени родители кои всушност никогаш не биле прифатени. Ако детето за родителот, од оваа или од онаа причина, било товар уште од првиот ден, тоа ќе стане уште поголем товар во ситуацијата на развод. Детето поминува од едниот родител кај другиот, ја менува често средината и сосема логично доаѓа до заклучок дека е вишок и дека ниту мајката ниту таткото го сакаат. Тоа значајно влијае во формирање на личноста, односно карактерот на детето. Тоа ќе има мали можности да создаде вистински емоционални врски во животот. Детето, понатаму, нема можности да формира вистински, реални и специфично приспособени критериуми на меѓучовечки вредности, па според тоа не може, затоа што не научило да се однесува во соодност со нив. Неговото однесување е неприспособено, агресивно и воопшто неадек-

ватно кое предизвикува осуда од средината. Ова уште повеќе го поттикнува доживувањето дека е непотребно, несакано, осамено.

Многу родители често не се свесни за ефектите на сопствените зборови и постапки, а уште помалку за причините на своето однесување. Една причина може да биде некоја особина на детето, несакани карактеристики или некои негови постапки што може да предизвикаат кај родителите однесување што детето го сфаќа како отфрлање. Расположението на родителите и нивната емоционална зрелост влијаат на чувството на детето дека е прифатено или отфрлено. Кога родителите се чувствуваат среќни, кога се задоволни сами со себе, тие ги толерираат грешките во однесувањето на своите деца, но кога родителите имаат тежок ден на работа, кога се заморени, болни или несреќни, прифаќањето на децата обично е на низок степен. Родителите што самите како деца биле отфрлени се склони да ги отфрлаат своите деца, од друга страна пак, оние што биле прифатени и сакани постигнале поголема емоционална зрелост. Тие се сакаат себеси и постигнуваат поголема внатрешна сигурност, а по својата природа се склони да се однесуваат со љубов кон другите. Ставовите на родителското прифаќање или отфрлање, во истражувањата, зависат од тоа каде се наоѓаат децата и кој ги набљудува. На пример, некои родители помалку ги прифаќаат децата кога се на гости, во ресторан и на други јавни места. Некои деца се отфрлени и недоволно сакани затоа што дошле во несакано време, поради прекината кариера, прекинато запознавање на партнерите, или пак затоа што во семејството веќе има многу деца, партнерот не сака деца итн.

Во една лонгитудинална студија на група деца што се родени од мајки на кои им е сугерирано да не ја прекинат бременоста, дваесет години по раѓањето заклучокот на набљудувањето бил дека несаканите деца немале сигурен живот во детството, почесто барале психијатриска помош, почесто учествувале во антисоцијални и криминални однесувања. Контролната група била од ист пол, возраст и место на раѓање (Kapor-Stanulović, 2007).

Препуштањето на водењето грижа за децата на баби и дедовци може кај децата исто така да развие чувство дека родителите имаат поважна работа од занимавањето со нив и затоа повторно може да се јави чувството на отфрленост. Според Тодоровиќ (Todorović, 2005) отфрлањето на детето може да биде: од страната на двата родитела; детето има такво чувство иако само еден родител го избегнува детето; детето е сакано и прифатено од својата мајка, а отфрлено од страна на таткото, но мајката не е во состојба да го надомести неповолниот став на таткото, затоа што тој временски многу долго трае и многу е изразен.

Ако отфрлањето не е така изразено и постои само кај еден родител, детето колку-толку прима одредена доза на пожелни емоционални искуства. Кај ваквите семејства детето може да изразува силна потреба за прифаќање од страна на членовите од разни групи. Сепак тоа не е доволно да се формира изразена приврзаност. Потребата за зависност е нарушена,

и детето има проблем да воспостави блиски и топли односи со другите. Иако има потреба да биде прифатено, чувствува страв од нови ситуации и лица, затоа што чувството за сопствената вредност е ниско.

Значи, на отфрлувачкото однесување на родителите детето одговара со зависно однесување (Rohner, 1984). Со време тоа однесување може да се изгуби или трансформира. Сериозно отфрланото дете никогаш не научило како да дава љубов затоа што немало родители што даваат љубов и што би биле модел за сопственото однесување. Иако копнеело и молело за љубов, никогаш не ја добило. За да се заштити себеси од понатамошни емоционални повредувања, отфрланото дете е склоно емотивно да се затвори. Конечно, детето може да престане да бара нежност од лица што му се важни. Така исчезнува зависното однесување, кое било одговор на родителското отфрлање.

Иако возрасните што како деца биле отфрлани имаат многу силна потреба за љубов, често нивната способност да возвратат со љубов е оштетена затоа што многу од нив станале помалку или повеќе емотивно осамени и неспособни да одговорат на потенцијалните блиски меѓучовечки односи.

*Проблем и хипотези на истражувањето*

Според погореелаборираниот теоретски дел во ова истражување ќе го поставиме следниов истражувачки проблем: Дали разводот е фактор на ризик за перцепцијата на родителското отфрлање од страна на детето? Оттука, се поставуваат следниве хипотези:

1. Децата ги перципираат како отфрлувачки разведените родители повеќе отколку децата на родителите во брак;
2. Со зголемување на возраста на децата се намалува перцепцијата на отфрлање од детето и адолесцентот;
3. Видот на семејството (разведени или родители во брак) е фактор за перцепција на отфрлање од страна на детето;
4. Полот на детето е фактор за неговата/нејзината перцепција на отфрлање од родителите.

**Метод**

*Испитаници*

Примерокот е сочинет од 33 деца чии родители се разведени (само 4 живеат со таткото), од нив 14 машки, а 19 женски, и 63 чии родители се во брак, од нив 28 машки, а 35 женски. Вкупно се испитани 96 деца и адолесценти од кои 42 се машки, а 54 женски. Возраста на децата е поделена во три групи: од 6 до 11 години, од 12 до 14 години и од 15 до 17 години.

*Инструменти*

За мерење на перцепцијата на родителското отфрлање беше применет *Прашалник за родителско прифаќање или отфрлање* (Parental Acceptance/Rejection Questionnaire – PARQ) од авторот Роналд Рохнер (1984). Прашалникот е самопроценувачки прашалник конструиран да ја измери сегашната перцепција на детето или адолесцентот на степенот до кој тие го доживувале родителското (од мајката и од таткото) прифаќање или отфрлање. Прашалникот содржи четири скали: 1. топлина и емоционалност (или студено однесување и недостаток на емоции); 2. непријателство и агресија; 3. незаинтересираност и занемарување; и 4. неиздиференцирано отфрлање. Неиздиференцираното отфрлање се однесува на чувствата на индивидуата дека родителот не го сака вистински, не го цени или не се грижи за него, без на некој начин да има објективни индикатори дека родителот е ладен, агресивен или занемарувачки. Всушност, четирите скали даваат вкупен резултат на перципираното или запомнетото родителско прифаќање или отфрлање во детството. Испитаниците одговараат на четиристепена Ликертова скала: од (4) „речиси секогаш вистина" до (1) „речиси никогаш вистинито". Користена е кратката форма на прашалникот која содржи 24 тврдења, од кои 8 се за скалата на емоционалност и топлина, 6 за непријателство и агресија, 6 за незаинтересираност и запоставување и 4 за неиздиференцирано отфрлање. Треба да се напомене дека вкупниот скор се добива така што одговорите на скалата за топлина се реверзибилни и се собираат со скоровите од другите три скали. Така вкупниот скор означува перцепција на *родителско отфрлање*, односно повисок скор значи повисоко перципирано родителско отфрлање. Минималниот скор на целата скала изнесува 24, додека максималниот 96. Релијабилноста на скалата тестирана на македонска популација изнесува Cronbach,s Alpha = 0,90.

**Резултати**

Во табелата 1 се презентирани основни дескриптивни показатели на варијаблата отфрлање од родителите посебно за мајката и за таткото, за сите испитници. Аритметичките средини покажуваат дека отфрлањето од двата родитела се перципира како релативно ниско кај сите испитаници. Интересен е резултатот на аритметичката средина на перцепцијата на отфрлање од родителите кај децата кои живеат со двата родитела и децата на разведени родители. Имено, децата на родители во брак ги перципираат родителите ниско на скалата на отфрлање, додека децата на разведените родители ги перципираат родителите повисоко на скалата на отфрлање.

*Табела 1.*
***Аритметички средини и стандардни девијации на варијаблата перцепција на отфрлање од родителите за сите испитаници и за деца на родители во брак и разведени родители***

| | N | мин. скор | макс. скор | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|
| **Отфрлање од мајка** | 96 | 24,00 | 96,00 | 51,43 | 24,50 |
| **Отфрлање од татко** | 96 | 24,00 | 96,00 | 51,70 | 22,77 |
| **Отфрлање од мајка (во брак)** | 63 | 24,00 | 76,00 | 36,76 | 11,90 |
| **Отфрлање од татко (во брак)** | 63 | 24,00 | 78,00 | 38,38 | 12,51 |
| **Отфрлање од мајка (разведени)** | 33 | 37,00 | 96,00 | 79,42 | 16,52 |
| **Отфрлање од татко (разведени)** | 33 | 34,00 | 96,00 | 77,12 | 14,82 |

Во табелата 2 се дадени разликите на аритметичките средини со употреба на статистикот t-тест. Резултатите покажуваат дека статистички значајна е разликата на перцепцијата на отфрленост и од мајката и од таткото кај децата на родители во брак и разведени родители. Децата на разведени родители перципираат поголема отфрленост од родителите за разлика од децата на родители во брак.

**Табела 2.**
***Разлика на аритметички средини на перцепција на отфрленост од родителите кај деца на родители во брак и на разведени родители***

| | N | t | Sig. |
|---|---|---|---|
| **Отфрлање од мајка** | 63 | -14,55 | 0,00 |
| **Отфрлање од татко** | 33 | -13,50 | 0,00 |

Според возраста на децата резултатите покажуваат дека кај децата на родителите во брак значен фактор е возраста на детето во перцепцијата на отфрленост од родителите (табела 3). Со зголемување на возраста перцепцијата кај децата на родителите во брак се зголемува перцепцијата на отфрлање од таткото. Кај децата на разведените родители со зголемување на возраста се зголемува перцепцијата на отфрлање од мајката.

**Табела 3.**
***Корелација на варијаблите возраст на детето со видот на семејство и перцепција на отфрлање од мајка и татко***

| Вид семејство | N | | Возраст на детето | Отфрлање од мајка | Отфрлање од татко |
|---|---|---|---|---|---|
| **Деца на родители во брак** | | Возраст на детето | 1 | -0,227 | -0,135 |
| | | Отфрлање од мајка | | 1 | 0,565** |
| | 63 | Отфрлање од татко | | | 1 |
| **Деца на разведени родители** | | Возраст на детето | 1 | **0,435**** | -0,079 |
| | | Отфрлање од мајка | | 1 | -0,176 |
| | 33 | Отфрлање од татко | | | 1 |

** p<0,01

Од табелата 4 може да се заклучи дека полот на детето не е фактор за поголемо перципирање на отфрленост од мајка, додека видот на семејството (во брак и разведени) има поголем ефект врз варијаблата перцепција на отфрленост од мајката.

**Табела 4.**
***Тестирање на ефектите на варијаблите полот на детето и видот на семејство на варијаблата отфрлање од мајка***

| | df | F | Sig. |
|---|---|---|---|
| **Пол** | | 0,103 | 0,750 |
| **Вид на семејство** | 94 | 204,537 | 0,000 |
| **Пол и вид на семјество** | 94 | 0,069 | 0,793 |

$R^2$=0,693

Слични резултати се добиени кога се мерени ефектите на варијаблата отфрленост од таткото (табела 5). Имено, полот на детето засебно и заедно со видот на семејството не се фактор за перцепција на отфреност на детето, но само видот на семејството е значаен фактор за перцепцијата на отфрленост од таткото.

**Табела 5.**
***Тестирање на ефектите на варијаблите полот на детето и видот на семејство на варијаблата отфрлање од татко***

| | df | F | Sig. |
|---|---|---|---|
| **Пол** | | 0,000 | 0,984 |
| **Вид на семејство** | 94 | 174,743 | 0,000 |
| **Пол и вид на семјество** | 94 | 0,009 | 0,926 |

$R^2$=0,660

## Дискусија

Секое дете реагира на разводот на родителите, иако се смета дека детето е флексибилно и отворено за промените во животот, нивната зависнот од родителите ги прави поранливи на турбуленциите на семејниот живот. Разводот иако е со висок степен на стрес на родителите им носи и некои предности како што се олеснување од напнатоста, слобода и шанса да се најде поадекватен партнер. Децата пак, разводот на родителите скоро секогаш го доживуваат како губиток и неретко ја бараат вината во себе. Голем број фактори влијаат на тоа како ќе се доживуваат родителите после разводот. Децата се плашат од губење на родителската поддршка, грижа и љубов бидејќи нивните родители се опседнати со своите проблеми и често не се доволно чувствителни за потребите на детето.

Сепак тие реакции се разликуваат во зависност од возраста, полот, личноста и темпераментот на детето. Во ова истражување се испитуваше дали разводот на родителите е *фактор на ризик за перцепција на детето за отфрленост од* родителите. Потоа, дали перцепцијата на отфрленост од родителите е поврзана со возраста на детето, видот на семејството и полот на детето. ПАРТ-теоријата се користеше како теоретска рамка при истражувањето. Добиените резултати ги потврдија поставените хипотези. Имено, наодите од истражувањето потврдија дека децата ги перципираат како отфрлувачки разведените родители повеќе отколку децата на родители во брак. Слични резултати се добиени и во истражувањата на Демо и Акок (Demo & Acock, 1996) и Хертхерингтон (Hertherington, 1993) каде промената во семејната структура, социоекономските тешкотии и родителскиот стрес влијаат на приспособувањето на детето на новата ситуација, а најчесто се одразуваат во дисфункционалните семејни односи. Доколку не постои дисфункција во семејните односи овие фактори на ризик помалку ќе го компромитираат приспособувањето на детето. Со други зборови, детето помалку ќе се почувствува несакано или отфрлено, односно ќе го за-

држи позитивното доживување на родителите, како што е прифаќањето, толината и грижата на родителите.

Во однос на возраста на детето се претпостави дека *помалите деца повеќе перципираат отфрланост од двата разведени родители* отколку постарите и адолесцентите. Истражувањата на Франки (Francke, 1983, според Aylon & Flasher, 1993) покажуваат дека за време на интервјуирањето на децата на разведени родители тие покажуваат дека доживеале отфрлање од родителите иако тоа се случило многу порано. Други истражувања покажуваат дека малите деца се под голем ризик да развијат проблеми во социјалниот и емоционалниот развој отколку повозрасните деца (Allison &Furstenberg, 1989). Авторите наведуваат дека малите деца не се во можност реалистично да ја проценат ситуацијата и се повеќе анксиозни заради стравот од потполно напуштање од страна на двата родитела и почесто се обвинуваат себе си за разводот на родителите. Истражувачите кои се бавеле со адаптацијата на адолесцентите на разводот или повторниот брак на родителите, заклучуваат дека кај нив може да се појават и да се засилат проблемите во приспособувањето. Во овој период приспособувањето на адолесцентите може да биде потешко отколку кај малите деца, но од друга страна може да се зајакне импресивниот капацитет за порастот на зрелоста и независноста како одговор на семејната криза и потреба да им се помогне на родителите (Weiss, 1975).

Во однос на полот на детето некои истражувања покажале дека машките реагираат на разводот со проблеми во однесувањето, а женските со депресија (Emery, 1982). Но сепак адолесцентите од двата пола од разведени и комбинирани семејства покажуваат повеќе проблеми во однесувањето и депресијата отколку адолесцентите од потполните семејства (Amato & Keith, 1991; Hetherington, 1993). И во ова истражување се доби дека полот на детето не игра улога во перцепцијата на родителското однесување на разведените родители, како и во прецепцијата на родителите во потполните семејства.

На крај, мислењето дека ефектите на разводот кај децата се униформни, односно кај сите деца делуваат исто е неодржлива симплификација. Повеќе истражувања покажуваат дека последиците на разводот варираат и зависат од многу фактори како што се некои од нив: фактори на личноста, (пол, возраст, когнитивен и емоционален капацитет на личноста, резилиентност), семејни фактори (пред и постразводни конфликти меѓу родителите, капацитетот на родителите за родителство после разводот, функционалноста на семејството) и средински фактори (односи со врсниците, поширокото семејство, училиштето, вонучилишните активности и др.).

**Литература**

Allison, C. R., Furstenberg, F.F. (1989). How marital dissolution affects the children: Variations by age and sex, *Developmental Psychology*, 25, 540-549.

Amato, P. (1998). More than many? Men`s contributions to their children1s lives. Во: A. Booth, A. Crouter, (Eds.), *Men in families: When do they get involved? What difference does it make?,* Mahwah: Lawrence Erlbaum Associates. Inc

Amato, P. R., Keith, B. (1991). Parental divorce and well-being of children, A meta analyses, *Psychological Bulletin*. 110, 26-46.

Aylon, O., Flasher, A. (1993). *Chain reaction, Children and Divorce*, Jessica and Kingsley Publishers, London and Bristol, Pennsylvania.

Demo, H.D., Acock, C.A. (1996). Family structure, family process, and adolescent well-being, *Journal of Research on Adolescence*, 6, 457-488.

Emery, R.E. (1982). Interpersonal conflict and the children of discord and divorce, *Psychological Bulletin*, 92, 310-330.

Hertherington, E.M. (1993). An overview of the Virginia Longitudinal Study of Divorce and Remarriage with a focus on early adolescence, *Journal of Family Psychology*, 7, 39-56.

Kapor-Stanulović, N. (2007). *Psihologija roditeljstva*. Beograd, Nolit.

Kondić, K. (2007). *Psihologija ja*. Beograd. Nolit.

Rohner, R. (1984). *Handbook for the Study of parental Acceptance and rejection*. The University of Conecticut.

Todorović, J. (2005). *Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolesc*enata. Niš, Filozofski fakultet vo Niš.

Weiss, R. (1975). *Marital Separation: Copping with the end of marriage and the Transition to Being Single again,* New York, Basic Books.

Видановиќ, С., Ангелковиќ, В. (2009). Агресивност, склоност ка ризичном понашању и структура породице адолесцената. *Настава и васпитање*, 3, 386-398.

Видановиќ, С., Тодоровиќ, Ј., Хедрих, В. (2006). *Породица и посао – изазови и могућности. Ниш,* Филозофски факултет у Нишу.

Кондиќ, К., Видановиќ, С. (2011). *О деци и родитељима*. Филозофски факултет у Нишу.

Шурбановска, О. (2013). *Родителите и однесувањето на детето во училиштето*. Скопје, Филозофски факултет.